Документот е во функција на истражувачка дејност и не треба да се употребува за други цели

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Комисија за утврдување на функционалноста на градежно неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарска парцела на која постои објект**
Број 19-08-178/1
22.09.2003 година
Скопје

## З А П И С Н И К
од увид на лице место

По налог на Комисијата за денационализација со седиште во Општина Карпош Ев.број 19-08-178 од 14.07.2003 година Комисијата за утврдување на функционалноста на градежно неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарска парцела на која постои објект во состав: Камиларовски Ѓорѓи, дипл.правник-претседател, Велковски Јован, геометар- член, Љупчо Трајковски, геометар - член и Драган Радески, геометар - член, на ден 22.03.2003 година изврши увид на лице место заради утврдување на фактичката состојба од земјиштето за кое се однесува барањето Д.Н.19-08-178 од 10.04.2003 година, поднесено од страна на Александар Трајковски и други.

Врз основа на извршениот увид на самото место, увид во списите на предметот и катастарската евиденција, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

- Земјиштето од поранешната КП 60 КО Тафталиџе на лице место во дел претставува градежно изградено земјиште зафатено со:
- Булевар "Октомврска револуција",
- дел од колективна станбена зграда и зеленило околу неа,
- дел од улица "Бранислав Нушиќ",
- дел со бензинска пумпа на "Макпетрол",
- дел со деловен објект и простор околу него, и
- дел со празен запуштен простор.

Изградениот дел од земјиштето зафатен со Булевар "Октомвриска револуција", "Бранислав Нушиќ", колективна станбена

зграда и бензинска пумпа е во функција на постојните објекти и **сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.** (на скица обоено со сина боја)

Исто така, предмет на реално враќање **сметаме дека не може да биде** и делот зафатен со деловен објект (на скица обоен со зелена боја) и дел од празниот простор (на скица обоен со црвена боја). Ова затоа што според приложените услови за градба број 162/2003/4 делот обоен со црвена боја се зафаќа за изградба на новопредвиден паркинг простор односно јавна површина, а деловниот објект според катастарската евиденција е со утврдени права (прилог имотни листови).

Преостанатиот дел од сегашната КП 1801/2 КО Карпош кој претставува празен запуштен простор на лице место ограден со плетена жица ( на скица обоен со портокалова боја) во површина од 2070 м2 и дел од сегашната КП 1906 КО Карпош во површина од 60 м2 (на скица обоено со жолта боја) **сметаме дека како празен простор може да биде предмет на реално враќање.**

Ова затоа што портокаловиот обоен дел во моментот на увидот е разграничен со метална ограда и не е во функција на бензинската пумпа и околните објекти, а согласно приложените услови за градба број 162/2003/7 од 5.09.2003 година овој простор предвиден е за изградба на хотелско деловен објект, а делот на скица обоен со жолта боја според приложените услови за градба број 162/2003/4 од 05.09.2003 година предвиден е за изградба на објект за трговија и угостителство, односно објекти што не се од јавен интерес.

Според катастарската евиденција КП 1801/2 КО Карпош запишана е во И.Л.4923 на име "Макпетрол" АД со П.О.-Скопје со утврдено корисничко право , а КП 1906 КО Карпош запишана е во И.Л. 27400 на име Република Македонија неизложен имот.

- Земјиштето од поранешната КП 156/2 КО Тафталиџе на лице место во дел преставува градежно изградено земјиште зафатено со:
- индивидуални станбени објекти со дворни места,
- дел со Булевар "Партизански одреди",
- дел со колективна станбена зграда со простор околу неа,
-дел со ул."Никола Тесла",

- дел со гаражи во низ (на скица обоено со сина боја) и
-дел слободен простор (на скица обоено со црвена боја).

Изградениот дел од поранешната КП 156/2 КО Тафталиџе <u>**е во функција на постојните објекти и содржини.**</u> (на скица обоен со сина боја) и сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.

Делот кој претставува празен простор (на скица обоен со цревена боја) во површина од 17 м2 <u>**не е во функција на околните објекти**</u> и сметаме дека може да биде издвоен за негово реално враќање.

Овој дел претставува денешна КП 1917/1 КО Карпош која според катастарската евиденција е запишана во И.Л. 27400 на име Република Македонија неизложен имот.

Според приложените услови за градба број 162/2003/5 од 5.09.2003 година овој простор е предвиден за изградба на објекти од трговија, угостителство и зеленило, односно изградба на објекти што не се од јавен интерес.

- Земјиштето од поранешната КП 172 КО Тафталиџе на лице место преставува градежно изградено земјиште зафатено со:
- индивидуални станбени објекти со дворни места,
- дел од ул."Дрезденска", и
- дел со ул."Багдатска", (на скица обоено со виолетова боја)

Земјиштето од поранешната КП 172 КО Тафталиџе <u>**е во функција на постојните објекти и улици и сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.**</u>

Земјиштето од поранешната КП 173 КО Тафталиџе на лице - место во дел претставува градежно изградено земјиште зафатено со:
- индивидуални станбени објекти со дворни места,
- дел со ул.Дрезденска",
-дел со улица "Римска",
- дел со ул."Анкарска",
- дел со ул. "Багдатска",
- дел со ул."530",
-дел со објекти и дворно место на О.У. "29-ти Ноември",
-дел со времен објект – барака со празен простор покрај бараката која ја користи Р.О. "Младост"-Скопје,

-дел со времени објекти, и
-дел слободен простор.

Изградениот дел од поранешната КП 173 КО Тафталиџе (на скица обоен со кафена боја) е во функција на постојните објекти и содржини и **сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање**.

Делот зафатен со времени објекти во површина од 703 м2 (на скица обоено со сина боја) **сметаме дека може да биде предмет на реално враќање.**

Ова затоа што согласно приложените услови за градба број 162/2003/1 од 5.09.2003 година овој простор е предвиден за изградба на објекти за терцијални дејности односно објекти што не се од јавен интерес.

Според катастарската евиденција денешните КП 2333/1, КП 2435, КП 2436, КП 2437 и КП 2438 сите КО Карпош кои го опфаќаат овој простор се запишани во ИЛ.4917 на име Република Македонија со утврдено право на сопственост.

Делот кој претставува празен простор во површина од 40 м2 (на скица обоен со жолта боја), а денес претставува дел од КП 2530 КО Карпош **сметаме дека може да биде предмет на реално враќање.**

Ова затоа што овој дел не е во функција на околните објекти, а согласно приложените услови за градба број 162/2003/2 од 05.09.2003 година овој простор се зафаќа со урбанистичка парцела предвидена за колективно домување односно објект што не е од јавен интерес.

Според катастарската евиденција КП 2530 е запишана во И.Л. 27400 на име Република Македонија како неизложен имот.

Исто така, **предмет на реално враќање сметаме дека може да биде** и делот од поранешната КП 173 КО Тафталиџе кој на лице место е зафатен со барака на Р.О "Младост " – Скопје и просторот пред бараката (на скица обоено со зелена боја) во површина од 468 м 2.

Овој дел го сочинуваат денешните КП 2314, КП 2315 и КП 2316 КО Карпош кои се запишани во И.Л. 27400 на име Република Македонија како неизложен имот.

Ова затоа што според приложените услови за градба овој дел е предвиден за изградба на колективна станбена зграда односно објект кој не е од јавен интерес.

- Земјиштето од поранешната КП 215 КО Тафталиџе на лице место во дел е зафатено со:
  - дел од објект и дворно место на Поликлиниката "Букурешт",
  - дел со улица која претставува излез на службата за итна помош,
  - дел од круг на "Воена болница", и
  - дел од ул.Париска" (на скица обоено со црвена боја)
  - дел со празен простор (на скица обоено со зелена боја)

Овој дел од поранешната КП 215 КО Тафталиџе е во функција на постојните објекти и **сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.**

Преостанатиот дел од поранешната КП 215 КО Тафталиџе во површина од 124 м2 (на скица обоено со зелена боја) на лице место претставува празен простор кој не е во функција на околните објекти и **сметаме дека може да биде предмет на реално враќање.**

Делот за кој сметаме дека може да биде предмет на реално враќање денес претставува КП 1696/20 КО Карпош запишана во И.Л. 4917 на име Република Македонија.

- Земјиштето од поранешната КП 260 КО Тафталиџе на лице место претставува градежно изградено земјиште зафатено со:
  - индивидуални станбени објекти со дворни места, и
  - дел од улица "Прашка", (на скица обоено со сина боја)

При ваква фактичка состојба **сметаме дека земјиштето од поранешната КП 260 КО Тафталиџе е во функција на постојните објекти и не може да биде предмет на реално враќање.**

- Земјиштето од поранешната КП 261 КО Тафталиџе на лице место во дел е зафатено со:
  - Булевар "Октомвриска револуција",
  -дел со ул."Прашка",
  -дел со објекти и ограден круг на ф-ка "Пластика",

- дел со колективни станбени згради и простор околу зградите уреден со патеки, зеленило и паркинг простор, и

-дел со рекреативни спортски терени на кој се отпочнати припремни градежни работи.

Изградениот дел од поранешната КП 261 КО Тафталиџе (на скица обоен со црвена боја) е во функција на постојните објекти и <u>сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.</u>

Преостанатиот дел (на скица обоен со зелена боја) во површина од 6030 м2 во моментот на увидот е зафатено со дел од спортски игралишта кои се користат од трети лица под наем.

Во моментот на увидот на овој дел се отпочнати припремни градежни работи ископи на земјиштето (ровови) и истите се запрени.

Согласно приложените услови за градба број 162/2003/6 од 5.09.2003 година овој дел од поранешната КП 261 КО Тафталиџе е предвиден за изградба на објекти од спорт и рекреација, односно објект што не е од јавен интерес и сметаме дека може да биде предмет на реално враќање.

Овој дел денес претставува КП 2688 КО Карпош која е запишана во И.Л. 4917 на име Република Македонија,.

ПРИЛОГ:
- фотокопие со графички приказ на КП 60, КП 156/2, КП 172, КП 173, КП 215, КП 260 и КП 261

**К О М И С И Ј А:**

1. **Камиларовски Ѓорѓи, дипл.правник**
2. **Велковски Јован, геометар**
3. **Љупчо Трајковски, геометар**
4. **Драган Радески, геометар**

Документот е во функција на истражувачка дејност и не смее да се злоупотребува за други цели. Шушк

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Комисија за утврдување на функционалноста на градежно неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарска парцела на која постои објект
Број 19-08-177
15.10.2004 година
Скопје

# З А П И С Н И К
од увид на лице место

По налог на Комисијата за денационализација со седиште во Општина Карпош број 19-08-177 од 06.10.2004 година Комисијата за утврдување на функционалноста на градежно неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарска парцела на која постои објект во состав: Камиларовски Ѓорѓи, дипл.правник-претседател, Велковски Јован, геометар- член, Љупчо Трајковски, геометар - член и Драган Радески, геометар - член, на ден 15.10.2004 година изврши увид на лице место заради утврдување на фактичката состојба од земјиштето за кое се однесува барањето Д.Н.19-08-177 од 10.04.2003 година, поднесено од страна на Марија Басарова и други.

Врз основа на извршениот увид на самото место, увид во списите на предметот и катастарската евиденција, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

- Земјиштето од поранешната КП 225 КО Тафталиџе на лице место е зафатена со објекти и училишен двор на Средно градежно училиште "Здравко Цветковски", дел од дворно место на Завод за урбанизам и архитектура – Скопје, дел со празен простор и дел со објект и ограден круг на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Делот од земјиштето на поранешната КП 225 КО Тафталиџе зафатено со дел од дворно место на Завод за урбанизам и објекти со училишен двор на Градежно училишниот центар, е во функција на постојните објекти и **сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.** (на скица обоено со црвена боја)

Исто така **предмет на реално враќање не може да биде** и делот зафатен со објект и ограден круг на Фонд за пензиско инвалидско осигурување (на скица обоено со зелена боја)

Ова затоа што според катастарската евиденција овој дел претставува дел од денешна КП 2775/1 КО Карпош запишана во ИЛ 4958 на име Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија со утврдено право.

Според приложениот извод од урбанистички план број 627/2004/1 од 30.09.2004 година на деловите кои претставуваат празно земјиште се предвидува градба на објекти за колективно домување.

При ваква фактичка состојба, земајќи ја во предвид и урбанистичката документација **сметаме дека овие делови од поранешната КП 225 КО Тафталиџе може да бидат предмет на реално враќање.**

Деловите за кои сметаме дека може да бидат предмет на реално враќање претставуваат дел од денешна КП 2774 КО Карпош во површина од 217 м2 (на скица обоено со сина боја) и дел од КП 2776/1 КО Карпош во површина од 344 м2 (на скица обоено со виолетова боја)

- Земјиштето од поранешната КП 261 КО Тафталиџе на лице место е зафатена со булевар "Октомвриска Револуција", дел со ул."Прашка", дел со објекти и ограден круг на ф-ка "Пластика", дел со колективни станбени згради и простор околу зградите уреден со патеки, зеленило и паркинг простор и дел со рекреативни спортски терени на кој во дел постојат ископи на земјиште околу терените.

Изградениот дел од поранешната КП 261 КО Тафталиџе (на скица обоено со црвена боја) е во функција на постојните објекти и **сметаме дека не може да биде предмет на реално враќање.**

Преостанатиот дел од поранешната КП 261 КО Тафталиџе во површина од 6025 м2 на која постојат асфалтирани рекреативни спортски терени, согласно приложениот извод од урбанистички план број 627/2004 од 3.10.2004 година предвидени се спортски терени со пропратни содржини, односно објект што не е од јавен интерес.

Согласно приложеното решение број 335/50 поранешната КП 261 КО Тафталиџе била експроприрана за формирање на земјоделска економија.

При ваква фактичка состојба имајќи во предвид намената за која што овој дел од земјиштето е предвиден, **сметаме дека би можел да биде предмет на реално враќање.** (на скица обоено со сина боја)

Според катастарската евиденција овој дел претставува дел од денешна КП 2688 КО Карпош запишана во И.Л. 4917 на име Република Македонија со утврдено право.

ПРИЛОГ:
- фотокопие со графички приказ на КП 225 и КП 261

К О М И С И Ј А:

1. **Камиларовски Ѓорѓи, дипл.правник**
2. **Велковски Јован, геометар**
3. **Љупчо Трајковски, геометар**
4. **Драган Радески, геометар**

*Документот е во функција на истражување и не смее да се злоупотребува за други цели*

**ДН бр.19-08-177/2-03**

Министерот за финансии преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините Карпош и Чаир со седиште во Општина Карпош,решавајќи по барањет за денационализација на недвижен имот под ДН бр. 19-08-177/1 од 10.04.2003 година поднесено од Марија Басарова,Славка Наскова, Цветанка Костадиновска,Василка Ѓорѓиева,Нада Комленац и Јордан Ѓорѓиевски сите од Скопје и барањето под ДН бр.19-08-178/1 од 10.04.2003 година поднесено од Александар Трајковски,Славко Ѓорѓиевски,Љубица Добревска и Софка Трајковска сите од Скопје,доставено преку адвокат Јован Ичев од Скопје,врз основа на член 15 став 2 од Законот за денационализација("Службен весник на РМ" бр.43/2000 в пречистен текст) на ден 23.09.2004 година, донесе


Сектор за премер и катастар Скопје

| Примено | 04 DEC 2004 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11/1228 | | | |

К.О. Карпош 22/05


## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето ДН бр.19-08-177/1 од 10.04.2003 година поднесено од Марија Басарова од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ на граѓани [redacted],Славка Наскова од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted],Цветанка Костадиновска од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ на граѓани [redacted],Василка Ѓорѓиева од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted].Нада Комленац од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted] и Јордан Ѓорѓиевски од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted] наследници на покојниот Петре Ѓорѓиевски од Скопје и барањето ДН бр.19-08-178 од 10.04.2003 година поднесено од Александар Трајковски од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted],Славко Ѓорѓиевски од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted],Љубица Добревска од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted] и Софка Трајковска од Скопје со стан на улица [redacted] со ЕМБГ [redacted] наследници на покојниот Димче Цветков од Скопје,поднесено преку адвокат Јован Ичев од Скопје **СЕ УВАЖУВА**.

**НЕДВИЖНИОТ ИМОТ** што претставува КП 60,156/2,172,173,215,225,260, и 261 КО Тафталиџе во вкупна површина од 85.750 м2,поранешна сопственост на Петре Цветковски (Ѓорѓиевски) и Димче Цветков од Скопје, е експроприран со две посебни решениа под Е.бр.335/50 од 22.04.1955 година на Експропријационата Комисија при Народниот одбор на град Скопје,за формирање на земјоделска економија

**СЕ ВРАЌА ВО СОПСТВЕНОСТ** недвижен имот и тоа дел од КП бр.1801/2 КО Карпош во површина од 2070 м2,КП бр.1906 КО Карпош во површина од 60 м2,КП.бр.1917/1 КО Карпош во површина од 17 м2 КП бр.2333/1,КП 2435,КП 2436,КП 2437,и КП бр.2438 сите во КО Карпош во вкупна површина од 703 м2,КП бр.2530 КО Карпош во површина од 40 м2,КП бр.2314,КП бр.2315 и КП бр. 2316 сите во КО Карпош во вкупна површина од 468 м2,КП бр.2774 КО Карпош во површина од 217 м2,дел од КП бр.2776/1 КО Карпош во површина од 344 м2,КП бр.2688 КО Карпош во површина од 6024 м2 или вкупно 9.944м2 на барателите Марија Басарова,Славка Наскова,Цветанка Костадиновска,Василка Ѓорѓиева,Нада Комленац,и Јордан Ѓорѓиевски на сите по една идеална шестина и на барателите Александар Трајковски Славко Ѓорѓиевски,Љубица Добревска и Софка Трајковска на сите по една идеална четвртина.

Предавањето на имотот што се враќа ќе се изврши по правосилноста на ова решение по барање на барателите.

**СЕ УТВРДУВА НАДОМЕСТ** во вид на обврзници за недвижниот имот што претставува дел од поранешна КП бр.60,КП бр.156/2,КП бр.172, КП бр.173,КП бр.225, КП бр.260 и КП бр.261 КО Тафталиџе во вкупна површина од 75.806 м2, сума во износ од 37.144.940,00 денари сметано по 490,00 денари за 1 м2 и тоа на

Марија Басарова ,Славка Наскова,Цветанка Костадиновска,Васила Ѓорѓиева,Нада Комленац и Јордан Ѓорѓиевски по една шестина што изнесува сума во износ од 3.095.412,00 денари и на барателите Александар Трајковски,Славко Ѓорѓиевски, Љубица Добревска и Софка Трајковска по една четвртина што изнесува сума во износ од 4.643.118,00 денари.

По правосилноста на ова решение барателите да поднесат барање до Владата на Република Македонија за издавање,евидентирање и сервисирање на исплатата на издадените обврзници.

По правосилноста ова решение е основ за запишување на сопственоста во евиденцијата за правата на недвижностите за недвижноста што се враќа во сопственост.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за решавање по барањата за денационализација постапувајќи по барањата за денационализација под ДН бр.19-08-177 од 10.04.2003 година поднесено од барателите Марија Басарова,Славка Наскова,Цветанка Костадиновска, Василка Ѓорѓиева,Нада Комленац и Јордан Ѓорѓиевски сите од Скопје наследници на покојниот Петре Ѓорѓиевски,врз основа на решение за законски наследници на право на денационализација О бр.1354/02 на Основен Суд Скопје 1 и барањето ДН бр. 19-08-178 од 10.04.2003 година поднесено од Александар Трајковски,Славко Ѓорѓиевски,Љубица Добревска и Софка Трајковска наследници на покојниот Димче Цветков од Скопје врз основа на решение за законски наследници на право на денационализација О.бр.1320/02 на Основен суд Скопје 1 Скопје,поднесено преку адвокат Јован Ичев,донесе решение под ДН бр.19-08-177/1 и решение 19-08-178/1 од 27.11.2003 година со кој барањата се уважени и се враќа во сопственост недвижен имот и тоа дел од КП бр.1801/2 КО Карпош во површина од 2070 м2,КП бр.1906 КО Карпош во површина од 60 м2,КП бр.1917/1 КО Карпош во површина од 17 м2,КП бр. 2333/1, КП бр.2435,КП бр.2436,КП бр.2337 и КП бр.2438 сите во КО Карпош во вкупна површина од 703 м2,КП бр.2530 КО Карпош во површина од 40 м2,КП 2314, КП бр.2315 и КП бр.2316 сите КО Карпош во вкупна површина од 468 м2 и определен е надомест во вид на обврзници за недвижниот имот што претставува КП бр.60 КП бр.156/2,КП бр.172,КП бр.173 и КП бр.260 КО Тафталиџе во вкупна површина од 14.375 м2 сума во износ од 6.944.750,00 денари.

Незадоволен од горе наведените решенија Јавното правобранителство на Република Македонија изјави жалба преку оваа Комисија до Владата на Република Македонија-Комисија за решавање на управни работи од областа на денационализација,која со решенија бр.47-153/2 и 47-153/3 од 06.09.2004 година ги поништи наведените решенија и предметите ги врати на повторно разгледување и одлучување поради погрешно утврдена фактичка состојба во поглед на површината што е предмет на денационализација.

Комисијата за денационализација постапувајќи по забелешките дадени во второстепените решенија, како и писмениот поднесок на барателите во кој укажуваат на погрешно утврдена фактичка состојба во однос на површината на целокупниот недвижен имот кој бил сопственост на двајцата браќа како и дополнително изготвениот записник ДН бр.19-08-177 од 15.10.2004 година од страна на Комисијата за утврдување на функционалноста на градежното неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарската парцела на која постои објект го утврди следното:

Со две посебни решенија донесени по ист правен основ под Е.бр.335/50 од 29.04.1955 година на експропријационата Комисија при Народен одбор на град Скопје експроприрано е земјиште што претставува КП бр.60,156/2,172,173,215,225,260 и 261 КО Тафталиџе во вкупна површина од 85.750

м2 поранешна сопственост на Петре Цветковски (Ѓорѓиевски)и Димче Цветков од Скопје.

Комисијата за денационализација по разгледување на горе наведените бара-ња утврди дека во случајот се работи за права на странките засновани врз иста фактичка состојба и по ист правен основ па донесе заклучок за спојување под ДН бр. 19-08-177/03 од 23.09.2004 година согласно член 47 став 3 од Законот за денационализација.

Комисијата за денационализација по службена должност ги прибави следните докази: Известие бр.1103/828/1 од 14.07.2003 година од Државен завод за геоде-тски работи -Сектор за премер и катастар-Скопје со кое се доставени прилозите: решение бр.335/50,решение 1159/55,потврди (3) записник бр.335/50,молба од Петре Трајчев известување од 27.11.1967 година за предметните парцели,одговор на ба-рање под бр.18-2/1583 од 12.06.2003 година од Државен архив на Република Маке-донија.

По поднесените барања од страна на вешто лице од Државен завод за геоде-тски работи -Сектор за премер и катастар изврши увид на лице место и изготви извештај и скица за предметните парцели под Уп.бр.1112/1292 од 07.07.2003 годи-на според кој предметното земјиште во дел е изградено а во дел е слободно.

Комисијата за утврдување на функционалноста на градежното неизградено земјиште кое се бара да се врати во сопственост на катастарската парцела на која постои објект,изврши увид на лице место и изготви записник бр.19-08-177/1 од 22.09.2003 година,и дополнително изготвен записник бр.19-08-177 од 15.10.2004 година според кој дел од земјиштето од поранешните КП бр.60,156/2,172,173,215, 225,260,261КО Тафталиџе вкупна површина од 75.806 м2 на лице место е гра-дежно изградено земјиште и како такво не може да биде предмет на реално вра-ќање,додека слободното земјиште од новоформираните КП бр.1801/2,1906,1917/1, 2333/1,2435,2436,2437,2438,2530,2314,2315,2316,1696/20,2774,2776/1 и 2688 вкупна површина од 9.944 м2 може да биде предмет на реално враќање,бидејќи според добиените услови за градба од Министерството за транспорт и врски -Подрачна единица Карпош на истото предвидено е изградба на објекти кој не се од јавен инт-ерес.

За одземеното земјиште не е пронајден доказ за примен надомест од страна на поранешните сопственици видно од добиените докази од Државен завод за геодетски работи -Сектор за премер и катастар па согласно член 37 и 38 од Законот за денационализација се утврдува надомест во вид на обврзници ,сума во износ од 37.144.940,00 за земјиштето во вкупна површина од 75.806 м2 (нива 2 и 3 класа сметано по 490 денари за 1 м2,према табелата за цени на земјиште за катастарски општини од Управа за јавни приходи -Регионална дирекција Скопје.

Предавањето во владение кое се враќа во сопственост ќе се изврши по правосилноста на ова решение а по барање на барателите.

Врз основа на утврдената фактичка и правна состојба Комисијата утврди дека барањето е основано па одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку оваа Комисија до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од областа на денационализација.

Решено во Скопје на ден 23.09.2004 година под ДН бр.19-08-177/2-03.

Комисијата за одлучување по барањата за
денационализација за Општините Карпош и Чаир
со седиште во општина Карпош

Претседател
Мирјана Рангелова

Доставено до:
-Барателите
-Јавно правобранителство на РМ